# Сценариото на "Златна буба мара на популарноста" во тајност

"За сите другарки и другари, активни и пасивни пушачи" е слоганот на годинешнава "Златна буба мара на популарноста". Манифестацијата на скопскопото радио "Буба мара", по деветти пат ќе се одржи кон крајот на февруари во Универзалната сала и ќе ги награди најпопуларните на естрадата.

Како и секоја година, екипата на "Буба мара" нема да го открива сценариото ниту имињата на изведувачите што ќе настапат. Првиот човек на радиото Ранко Петровиќ вели дека од следната недела почнуваат интензивните подготовки и проби.

"Сценариото го држиме во тајност, во интерес на гледачите, за нивно изненадување и подобра забава", вели Петровиќ.

На ланаската "Буба мара" највпечатливи беа настапите на КУД "Танец", Мањифико и Вечифико, како и на Каролина, која премиерно ја изведе песната "Се лажам себе". *(М.Ц.)*



*Лани публиката збесна на Мањифико*

# "Само весело да е" на Гоце Арнаудов фолк-хит на годината на "Канал 77"



Песната "Само весело да е", која Гоце Арнаудов ја испеа и победи на последното издание на фолк-фестивалот "Валандово", е избрана за фолк-хит на годината на националната радиомрежа "Канал 77". Песната на Гоце победи во конкуренција од 15 претходно селектирани песни во емисијата "Фолк за викенд", која се емитува секоја сабота на ова радио.

Песната на Гоце е одбрана за најдобра од слушателите на оваа емисија преку СМС и јавувања во радио. Второто место ѝ припадна на песната "Бисер за Бисера" од Благоја Грујовски, а третото на песната "Нема две Шар Планини, која во дует ја пеат Зуица Лазова и Васил Валканов. *(В.М.)*

# Велешкиот диџеј Мастер Хип со нова радиоемисија

Велешкиот диџеј Мастер Хип деновиве го подготвува новиот музички проект на локалното велешко радио 5 фм. Новата радиоемисија познатиот диџеј ќе им ја посвети на велешките бендови, како што вели, за да ѝ даде поддршка на македонската музика. Новата емисија ќе носи наслов "Јас и мојот бенд", а ќе се емитува секој понеделник во 21 часот. Велешани ќе може да ја слушаат на 107,1 мхз. *(З.В.)*



# Снеже и Ана водителки на "Ред хот шоу"

"Томато" продукција стартува со реализација на новиот циклус од популарната емисија "Ред хот шоу". Во "Томато" велат дека новиот концепт барал и освежување, па затоа во новиот циклус на оваа популарна емисија нема веќе водителски пар да бидат Снеже и Петар туку овој пат местото на Петар ќе го заземе манекенката Ана Исаиева. Ана, заедно со Снеже Стојковска ќе не́ запознаваат со сите новини што понатаму ќе ги носи оваа емисија.

Новина е што емисијата ќе трае 30 минути, е со ново руво, со неколку дополнителни рубрики, но, сепак, ја задржува концепцијата на програмска содржина што ќе третира актуелни културно-забавни случувања. *(В.М.)*